Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26):

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за уредување на начинот на користење и располагање со сали и други објекти сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење и располагање со салите во зградата на општината и други објекти сопственост на Општина Велес (во понатамошниот текст салите/други објекти), како и утврдување на надоместокот за користење на салите.

**Член 2**

Како корисници на салите/други објекти сопственост на Општина Велес, може да се јават физички и правни лица и тоа: Здруженија на граѓани, фондации, други правни субјекти и организации, политички партии, организатори на комерцијални настани, организатори на изложби, промотори на книги, работилници, обуки и слично (во понатомошниот текст-корисници).

**Член 3**

Салите/други објекти сопственост на Општина Велес ќе се даваат на користење на корисници за едукативни и промотивни потреби, при одржување на манифестации и други јавни случувања од типот на семинари, работилници, дебати, обуки, предавања, разни настани, концерти, видео конференции, промоции, јавни дискусии, изложби и слично.

**Член 4**

Салите/други објекти се издаваат на користење врз основа на барање–пропишан образец.

Во барањето се наведува потребата и намената за која се бара салата односно друг објект, како и терминот на одржување.

Врз основа на барањето се изготвува одобрение за користење на салата односно друг објект.

Барањето се доставува најдоцна 5 дена пред одржување на настанот преку Архивата на Општина Велес.

**Член 5**

Користењето на салите/други објекти сопственост на Општина Велес од страна на корисниците може да се врши во работни и неработни денови по претходно добиено одобрение од сопственкот, со утврден надоместок од 800,00 денари по час.

Основните и средните училишта, други јавни служби основани од општината и државни институции се ослободени од плаќање на надоместок.

**Член 6**

Вкупниот надоместокот за користење на салите, ќе биде утврден во одобрението согласно барањето за временскиот термин на користење.

Во утврдено време за кое се одобрува користење на сала/друг објект сопственост на Општина Велес се засметува и времето за подготовка пред одржување

на настанот и активности по завршување на настанот, со време од 30 минути пред започнување и 30 минути по завршување на настанот.

**Член 7**

Корисниците се обврзуваат:
- да се однесуваат кон просторот како добри домаќини;
- да ги почитуваат условите и куќниот ред;
- да ги оставаат салите и други објекти секогаш во исправна и уредна состојба како што се затекнати;
- да платат/санираат штета настаната за време на користење на салите/други објекти.

**Член 8**

Штетата што ќе биде констатирана, ќе биде евидентирана во записник и корисникот кој ја предизвикал ќе биде обврзан истата да ја плати или санира во рок од 5(пет) дена сметано од денот на нејзиното настанување.

**Член 9**

Општината се обврзува да овозможи услови за непречено користење на просторот во определеното време.

**Член 10**

Средствата остварени од давањето на користење на салите/други објекти во сопственост на Општина Велес се приход на Буџетот на Општина Велес.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за одредување надомест за користење на сали и др.објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги со бр.25-1663/12 од 30.03.2018 година.

**Член 12**

Изменување и дополнување на овој правилник ќе се врши на начин како што се донесува.

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/48
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
-Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа и
-Списи и архива.